Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со Програмата за образование за 2020 година („Службен гласник на Општина Центар“-Скопје бр. 25/2019), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

# О Г Л А С

## за доделување стипендии на талентирани ученици од областа на науките од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје за учебната 2020/2021 година

Општина Центар-Скопје за учебната 2020/2021 година ќе додели стипендии за талентирани ученици од VIII и од IX одделение од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**I Услови за доделување стипендија**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Кандидатите да се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Центар-Скопје и
- Да оствариле континуиран успех од 5 во текот на школувањето во VI, VII и во VIII одделение.

**II Критериуми за доделување стипендија**

Освоени награди од областа на науките (природни и општествени) од VI до IX одделение:

- I место градски (општински) натпревар (0,5 бода),
- I место регионален натпревар (1 бод)
- I место државен натпревар (1,5 бода),
- I или II место меѓународен натпревар (2 или 1,5 бода) и
- Награди од нелиценцирани организатори на натпревари, не се земаат предвид.
- Се вреднува само индивидуалниот успех на ученикот.

**III Потребни документи**

Со барањето кандидатите треба да достават:

- Потврда од училиштето дека кандидатот е редовен ученик,
- Биографија на ученикот,
- Фотокопии од свидетелствата од VI до VIII одделение,
- Фотокопиии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на науките од VI до VIII одделение.

**IV Висина на стипендијата и рангирање**

- Висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари и 3.000,00 денари - месечно за осум месеци во текот на учебната година.
- За освоени од два (2) до пет (5) бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.
- За освоени повеќе од пет (5) бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

**V Начин на пријавување**

Потребните документи да се доставаат до Општина Центар-Скопје. Пријавите ги разгледува и по нив одлучува општинската комисија формирана за овој конкурс.

**VI Рок на поднесување на документи**

Рокот за поднесување документи е 29.9.2020 година.
Нема да се разгледуваат некомплетните документи и тие што не се доставени навреме.

- Секој заинтересиран ученик може да поднесе документи само на еден (1) оглас-култура, наука или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да бидат разгледувани.